# НАСТАВНА ПРОГРАМА



# СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

## МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

**За VI, VII, VIII, IX одделение**

**ООУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола**
**Наставник по музичко образование/Милена Дестановиќ**

**Битола, 2024 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ | МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ |
|---|---|
| **Вид/категорија на наствен предмет** | Изборен предмет за:<br>- проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети од темата „Слушање музика“ по предметот музичко образование,<br>- поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците |
| **Одделение** | VI, VII, VIII, IX |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | **Тема 1:** Класична музика<br>**Тема 2:** Народна музика<br>**Тема 3**: Забавна музика |
| **Број на часови** | 2 часа неделно – 36 часа во едно полугодие |
| **Опрема и средства** | Компјутер, звучници, микрофон, проектор, користење на youtube, power point презентации, хартија, боици, фломастери |



## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето Уметничко изразување и култура од Националните стандарди:

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **VIII-А.1** | да манифестира познавање на различни форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| **VIII-А.2** | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| **VIII-А.3** | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| **VIII-А.4** | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| **VIII-А.5** | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| **VIII-А.6** | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| **VIII-А.7** | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| **VIII-А.8** | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| **VIII-А.9** | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| **VIII-А.11** | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата коишто придонесуваат за негова манифестација; |
| **VIII-А.12** | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VIII-Б.1** | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |

| | |
|---|---|
| **VIII-Б.2** | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| **VIII-Б.3** | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| **VIII-Б.4** | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури; |
| **VIII-Б.5** | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| **VIII-Б.6** | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: Општество и демократска култура.

***Ученикот/ученичката знае и умее:***

| | |
|---|---|
| **VI-А.5** | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| **VI-А.6** | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| **VI-А.8** | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| **VI-А.12** | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| **VI-А.17** | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| **VI-А.27** | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VI-Б.10** | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме; |
| **VI-Б.12** | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |



**Методи на учење:**

- Чек листи и квизови за зајакнување на учењето и оценување на разбирањето на учениците;
- Дискусии. Наставникот отвара прашања на различни теми и ставови поттикнувајќи ги учениците на критичко размислување;
- Групна работа и соработка. Учениците работат во групи, истражуваат за музичките жанрови и самостојно доаѓаат до заклучоци за карактеристиките на музичкиот жанр;
- Активности за зајакнување на самодовербата и поттикнување на размислување за надминување на стереотипите и предрасудите помеѓу учениците;
- Анализа на музички примери. Учениците прават анализа на музички примери и се изразуваат со јазикот на музиката.

**Форми на оценување:**

- Проценка на чек листа и резултати од квиз. Учениците се оценуваат според нивната способност да ги препознаваат музичките жанрови преку слушање различни музички примери.
- Оценување на проект. Учениците се оценуваат според нивната способност за истражување и одбирање на соодветни информации за темата на проектот, нивната активност во групата и соработка;
- Оценки за слушање. Учениците може да се оценуваат според нивната способност да препознаваат и анализираат различни елементи од музичките жанрови.

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема 1. КЛАСИЧНА МУЗИКА |
| --- |
| ***Знаења/вештини:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Го разбира поимот жанр;<br>- Умее да ги идентификува периодите во музиката преку слушање на музички примери;<br>- Има можност да слуша музика од различни култури и временски периоди;<br>- Ги разликува стилските карактеристики на различните периоди на жанрот „Класична музика“: ренесанса, барок, класицизам, романтизам, музика на 20 век, современа музика, по слух;<br>- Се запознава со историјата на музиката и нејзината еволуција со текот на времето;<br>- Знае да наброи композитори кои се претставници на различните периоди на класичната музика;<br>- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;<br>- Негува љубов кон музиката;<br>- Се стекнува со подобри вештини за слушање на музичкото дело, внимание и детектирање на детали;<br>- Го разбира културното и историско значење на музиката во различни општества;<br>- Знае за развојот на музичката култура во Р.С. Македонија;<br>- Наведува македонски композитори на класична музика и знае за нивниот придонес за развојот на музичката култура во Р.С. Македонија. |
| ***Ставови/вредности:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Развива способност да работи самостојно и во група, има свои ставови и ги почитува ставовите на другите;<br>- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата;<br>- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет;<br>- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување;<br>- Ги истражува сопствените музички интереси и го развива својот уникатен музички идентитет;<br>- Ги подобрува своите вештини за активно слушање на музиката;<br>- Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства. |

| ***Содржини,<br>Поими,<br>Број на часови.*** | ***Примери на активности:*** |
| --- | --- |
| **Содржина**: музички жанрови,<br>**Поими**: жанр, класична музика, забавна музика, народна музика,<br>**Број на часови**: 2 (1,2). | - Наставникот преку презентација ги воведува учениците во предметот „Музички жанрови“;<br>- Учениците на компјутер или паметен телефон истражуваат за поимот жанр (дефиниција, видови на музички жанрови);<br>- Се отвара дискусија, преку бура на идеи, учениците даваат свои мислења како ја разбираат дефиницијата за жанр;<br>- Секој ученик споделува свои лични ставови за музиката што ја слуша во секојдневниот живот, зошто го слуша тој вид на музика, какви емоции им буди музиката, каде ја слушнале таа музика, дали разговараат и споделуваат музика со нивните врсници или другар/другарка, нивно лично мислење за тоа на кој жанр припаѓа музиката што им се допаѓа;<br>Слушање на примери од различни музички жанрови.<br>- Учениците коментираат за жанрот на секој музички пример, прават компаративна анализа на еден музички жанр со друг, како го чувствуваат секој музички жанр, кои изразни елементи на музиката (ритам, мелодија, инструменти, вокали, текст) им предизвикуваат одредено чувство (тажно, весело, луто, досадно, енергично и сл.). |
| **Содржина**: класична музика,<br>**Поими**: ренесанса, барок, класицизам, романтизам, музика на 20 век, современа музика, вокална музика, инструментална музика, вокално-инструментална музика,<br>**Број на часови**: 2 (3,4). | - Учениците претходно имаа за задача во неколку групи да истражат за музичкиот жанр „Класична музика“, кога настанал, како се развивал (периоди), кои се познати претставници на овој музички жанр низ периодите на музиката и да изработат презентација (во power point или на хартија, хамер – по нивна желба) од истражувањето;<br>Презентација на групите:<br>- Учениците ги споредуваат информациите кои ги истражиле за музичкиот жанр, разговараат за своите сознанија од истражувањето;<br>- Наставникот им пушта примери на учениците од периодите на музичкиот жанр „Класична музика“, а учениците даваат свои мислења за тоа што е карактеристично за овој музички жанр, како го доживуваат, дали тие во секојдневниот живот слушаат или би слушале класична музика и да наведат музички примери кои ги познаваат од овој музички жанр; |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: ренесанса и барок,<br>**Поими**: ренесанса, барок, концерт, симфонија,<br>**Број на часови**: 2 (5,6). | Активност:<br>- Учениците се делат во две групи. Наставникот им пушта по два музички примери од периодите ренесанса и барок. Учениците имаат за задача да ги слушаат внимателно композициите и заеднички во групата да направат есеј во кој ќе одговорат на прашањата: во што се разликуваа или во што беа слични композициите од двата периоди на музиката, какви музички изразни средства се употребени, каква е музиката според начин на изведба (вокална, инструментална, вокално – инструментална), кои инструменти (жичани, ударни, дувачки, со клавијатура) или какви гласови има (машки, женски, детски), какви чувства (тажно, весело, некоја асоцијација, живо, досадно и сл.) им предизвикаа композициите (за секоја композиција се наведуваат од сите ученици различните емоции) и поврзување со секојдневниот живот (програмска музика). Насловите на композициите наставникот ќе им ги соопшти на крај за да не им дава сугестија во доживувањето;<br>Презентација на есеите:<br>- Секоја група го презентира својот есеј. Учениците преку своите идеи, дискусии и доживувања од своите есеи доаѓаат до заклучок за карактеристиките на периодите ренесанса и барок;<br><br>Примери на композиции за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор):<br><br>Орландо ди Ласо – Ехо – вокална музика (ренесанса)<br>https://www.youtube.com/watch?v=-foB75466zY&ab_channel=GuillermoTemblalanza<br>Перлуиџи де Палестрина – Агнус деи – вокална музика (ренесанса)<br>https://www.youtube.com/watch?v=7Pp0XUU6Rmk&ab_channel=LeLutind%27Ecouves<br>Антонио Вивалди – Лето – инструментална музика (барок)<br>https://www.youtube.com/watch?v=KY1p-FmjT1M&ab_channel=avrilfan2213<br>Јохан Себастијан Бах – Воздух – инструментална музика (барок)<br>https://www.youtube.com/watch?v=rrVDATvUitA&ab_channel=NEBELWARNER<br><br>- По претходно истражување на интернет, учениците прават албум во кој ќе наведат композитори кои припаѓаат на периодите ренесанса и барок. Учениците се делат во четири групи и на лист хартија или во компјутер изработуваат албум со список на композитори, претставници на периодите ренесанса и барок. По желба ги презентираат албумите. |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: класицизам и романтизам,<br>**Поими**: класицизам, романтизам, опера, балет, концерт, динамика,<br>**Број на часови**: 2 (7,8). | Активност:<br>- Наставникот презентира звучен пример (целосно слушање на композицијата) од периодот класицизам. Учениците демонстрираат поврзаност на музичките изразни средства со сопственото доживување на карактерот на слушаното дело. Потоа наставникот им дава насоки на учениците за техниката Скелетен приказ. Учениците според сопственото доживување на композицијата треба да напишат една реченица, фраза, збор, симбол или скица, боја и да ја дополнат реченицата: ,,Композицијата ми се допадна заради...“, при што укажува на инструментите или вокалите што се вклучени, динамиката и карактерот на музиката;<br>- Учениците ги презентираат своите прикази;<br>- Истата постапка се повторува со композиција од периодот романтизам;<br>- Учениците ги презентираат своите прикази и прават компаративна анализа на приказите од првата и втората композиција. Даваат свои мислења користејќи музички изразни средства и доаѓаат до заклучок за карактеристиките на двата периоди (сличности и разлики на периодите класицизам и романтизам);<br><br>Примери на композиции за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор):<br><br>Волфганг Амадеус Моцарт – Магична флејта – Арија на ноќната кралица – (опера)<br>https://www.youtube.com/watch?v=YuBeBjqKSGQ&ab_channel=RoyalOperaHouse<br>Лудвиг ван Бетовен – Концерт за пијано и оркестар бр. 5 (adagio) I став – инструментална музика – концерт (класицизам)<br>https://www.youtube.com/watch?v=cd9rg9v25bo&ab_channel=strav0<br>Петар Илич Чајковски – Оревокршачка – Танцот на цвеќињата – балет (романтизам)<br>https://www.youtube.com/watch?v=LKcZL8q1eBw&ab_channel=CMajorEntertainment<br>Јохан Штраус – Радетски марш – инструментална музика (романтизам)<br>https://www.youtube.com/watch?v=xToFOzD0M8E&ab_channel=Andr%C3%A9Rieu<br><br>- По претходно истражување на интернет, учениците прават албум во кој ќе наведат композитори кои припаѓаат на периодите класицизам и романтизам. Учениците се делат во четири групи и на лист хартија или во компјутер изработуваат албум со список на композитори, претставници на периодите класицизам и романтизам. По желба ги презентираат албумите. |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: музика на 20 век, современа музика,<br>**Поими**: музика на 20 век, современа музика, концерт, хор,<br>**Број на часови**: 2 (9,10). | Проект „Класичната музика во Р.С. Македонија“.<br>- Учениците се делат во неколку групи и истражуваат на интернет за развојот на класичната музика во Р.С. Македонија. Пронаоѓаат информации за тоа кога бил почетокот на класичната музика во Р.С. Македонија, кој ја започнал и да направат список на композитори подредени хронолошки. Податоците од истражувањето можат да ги стават во power point презентација или како есеј или на хамер по нивна желба;<br>Презентација на проектите.<br>- Секоја група го презентира својот проект. Додека едната група презентира, останатите групи внимателно ги следат и им поставуваат прашања по желба. Откако ќе презентираат сите групи, коментираат за успешноста на проектот, дали им биле корисни информациите и дали е добро изработен;<br>- Наставникот им пушта музички примери од македонски композитори и композитори претставници на периодите: музика на 20 век и современа музика. Учениците даваат свои идеи за карактерот на композициите и прават споредба со музичките примери на претходно изучените периоди, со што кај учениците се прави една целосна слика за развојот на музиката од нејзиниот почеток до денес, споредба на композициите од ренесансата како почетен период и современата музика, даваат мислења за тоа што се смени, која е разликата во карактерот на композициите тогаш и сега и улогата на музиката во различните култури и историски периоди;<br><br>Примери на композиции за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор):<br><br>Сергеј Рахманинов – Концерт за пијано и оркестар бр. 3 (инструментална музика – концерт) – музика на 20 век<br>https://www.youtube.com/watch?v=N29WamXg4pY&ab_channel=TheClassicalPieces<br>Арво Пјарт – Плачот на срната (вокална музика) – современа музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=Ir3htl3UlBk&ab_channel=VOCES8<br>Ханс Вернер Хенце – Симфонија бр. 5 (инструментална музика) – современа музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=648OWVmbEtU&ab_channel=violarulez<br>Тодор Скаловски – Македонско оро – современа македонска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=gNt9ujfgKMI&ab_channel=SocomSokom |

| | |
|---|---|
| | Гоце Колааровски – Концерт за оркестар (инструментална музика) – современа македонска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=G1rhGqPXU7Q&ab_channel=SocomSokom<br>Томе Манчев – Пагафонија (вокално - инструментална музика) – современа македонска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=zvb4ouK_ihU&list=PL4uC6euy1TB0vKPQiiaJ7jS3YLxvGGCDp&index=1&ab_channel=%D0%A6%D1%80%D0%BD%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B5%D1%86%D0%A5%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%B0%D1%80<br><br>- По претходно истражување на интернет, учениците прават албум во кој ќе наведат композитори кои припаѓаат на периодите музика на 20 век и современа музика. Учениците се делат во четири групи и на лист хартија или во компјутер изработуваат албум со список на композитори, претставници на периодите музика на 20 век и современа музика. По желба ги презентираат албумите. |
| **Содржина**: слушање музички примери од различни периоди,<br>**Поими**: темпо, динамика, карактер, периодите во музиката,<br>**Број на часови**: 2 (11,12). | Квиз: Периодите на музичкиот жанр „Класична музика“;<br>- Наставникот изработува квиз за жанрот „Класична музика“;<br>- Се прават групи со по четири ученика;<br>- Наставникот им дели листови за одговори на учениците. На секое прашање, учениците се договараат во групата за одговорот и го пишуваат на листот. Имаат по 20 секунди за секој одговор. На крајот наставникот им ги чита точните одговори, се сумираат резутлатите од групите и се прогласува победник на квизот;<br>- Прашањата на квизот вклучуваат: преслушување на музички примери во кој учениците треба да одредат на кој период на музиката припаѓа композицијата, во кој век се развивал одредениот период, на кој период на музиката припаѓа композоторот..., кој период на музиката се развива во одреден век и сл.;<br>- Учениците се делат во групи  и изработуваат список на омилени композиции и композитори од музичкиот жанр „Класична музика“. Презентација на групите на своите списоци по желба на учениците;<br>- Слушање на композиции кои им оставиле впечаток на учениците. Учениците предлагаат композиција, наставникот им ја пушта. Се разговара за впечатоците од композицијата. |

| **Тема 2. НАРОДНА МУЗИКА** |
| --- |
| ***Знаења/вештини:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Знае, разбира и може да објасни што е народна песна и авторска народна песна;<br>- Препознава народни песни и ги именува;<br>- Изведува народни песни;<br>- Ја чувствува народната песна, умее да го интерпретира ритамот и ги чувствува неправилните метри во народните песни;<br>- Може да дискутира за карактерот и содржината на народните песни;<br>- Може да ги идентификува/препознае разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;<br>-  Ја зголемува  самодовербата и самопочитта преку индивидуални и групни настапи;<br>- Развива способност за тимска работа и вештини  за соработка преку групни изведби;<br>- Препознава народни инструменти во изведба на народни песни и ора;<br>- Го истражува својот музички интерес и го развива сопствениот уникатен музички идентитет. |
| ***Ставови/вредности:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Почитува мислења и ставови од другите околу него/неа;<br>- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет;<br>- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);<br>- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување;<br>- Свесен е дека треба да се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства;<br>- Смета дека народните песни се важен дел од културата на народите кои живеат во Република Северна Македонија;<br>- Свесен е и го почитува значењето на културата на сите народи во Република Северна Македонија. |

| **Содржини,<br>Поими,<br>Број на часови** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| **Содржина**: Народна музика,<br>**Поими**: народна музика и авторска народна музика,<br>**Број на часови**: 2 (13-14). | Активност 1:<br>- Анализа на жанрот „Народна музика“. Наставникот им пушта три песни: народна, авторска народна и забавна песна. Учениците според сопствено мислење кажуваат називи за жанрот на трите песни, дискутираат за впечатоците од трите песни. Наставникот ги наведува на дискусија: зошто се вика народна песна, дали и денес народот прави песна која се пренесува од колено на колено, зошто не?, како се викаат песните кои имаат свој композитор, така се додека не се дојде до заклучок дека во жанрот „Народна музика“ има народни песни и авторски народни песни;<br>Активност 2:<br>- Работилница за сфаќање на жанрот „Народна музика“. Преку аудиозаписи/видеозаписи наставникот презентира македонски народни песни и народни песни од заедниците кои живеат во Р.С.Македонија. Учениците кажуваат свое мислење за содржината, карактерот и истражуваат на интернет за потеклото на конкретните народни песни кои им ги пушта наставникот. Прават споредба со народните песни од етничките заедници кои живееат во Р.С.Македонија и дискутираат за заедничките или различни особини (мелодија, ритам, инструменти). Учениците низ дискусија стануваат свесни дека треба да бидат горди на културното богатство кое што го имаме наследено од минатото, тоа не карактеризира и е наш печат како народ кој што живееме во оваа држава и дека треба да го познаваме и негуваме. |
| **Содржина**: народни песни,<br>**Поими**: љубовни, хумористични, трудови народни песни,<br>**Број на часови**: 2 (15-16). | Активност:<br>- Анализа на народни песни според содржина. Наставникот им пушта три песни различни по содржина. Секој ученик прави есеј за песните. Наставникот им го пушта текстот на песната на проектор, а тие потоа прават приказна за песната (сопствена замисла), го опишуваат ликот (или ликовите) што ја напишал/е песната, како се чувствувал/е, зошто ја напишал/е песната, на кој им ја пеел/е и ако се однесува песната на некој лик или ликови како се чувствувал/е додека ја слушал/е. Есеите се читаат по желба пред класот;<br><br>Примери на песни за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор): |

| | |
|---|---|
| | Ај зајди зајди јасно сонце (трудова)<br>Линк: https://www.youtube.com/watch?v=60gKwEWl7I4&ab_channel=efendikajmakam<br>Коце берберот, чалгаџијата (хумористична)<br>https://www.youtube.com/watch?v=tVL38DDx55c<br>Не кажувај либе добра ноќ (љубовна)<br>https://www.youtube.com/watch?v=fMMoM3zagBY&list=PLD283A86DECA86993&index=5 |
| **Содржина**: авторски народни песни,<br>**Поими**: обичај, традиција,<br>**Број на часови**: 2 (17-18). | Активност:<br>- Учениците се делат во четири групи. Во групите секој ученик има задача да даде пример на свадбен обичај на кој што присуствувал. Секоја група избира еден од предложените обичаи од членовите на групата и прави драматизација на истиот пред другите групи. Откако сите групи ќе направат драматизација на избраните обичаи, се поттикнува разговор меѓу групите на тој начин што на секоја група ѝ се дава право да постави по едно прашање во врска со традиционалните обичаи при свадби на останатите групи, а секоја од прашаните групи треба да одговори најдобро што може. На пример: што мислите зошто кога се оди по невеста се пее таа и таа песна? и сл.;<br>- Учениците предлагаат песни за слушање кои што најчесто ги слушаат кога присуствуваат на свадба, почнувајќи од песни кои се слушаат кај зетот, песни кои се слушаат кога се оди по невеста и песни кои се слушаат на свечената вечера. Дискусија за песните, учениците даваат свое мислење дали песните се народни или народни авторски. |
| **Содржина**: Слушање на народни песни,<br>**Поими**: фолклор, интерпретатор, фестивал,<br>**Број на часови**: 2 (19-20). | Активност:<br>- Истражувачки проект. Учениците се делат во неколку групи. Истражуваат за познати интерпретатори на народни и авторски народни песни во Р.С.Македонија (од сите етнички заедници кои живеат во Р.С.Македонија). Учениците прават албум (во некоја од office програмите по желба) на познати интерпретатори (претставени со име презиме и слика) и нивни најпознати песни кои ги испеале, како и познати фестивали на народни песни;<br>- Презентација на групите. Учениците од групата го презентираат својот проект, а останатите ученици поставуваат прашања и дискутираат за проектот на групата која презентира. (што научија од нивниот проект, што им се допадна, што не им се допадна);<br>- Слушање народни песни по избор на учениците. Учениците предлагаат песна, наставникот им ја пушта и потоа според текстот учениците даваат свое мислење дали песната е народна или авторска народна песна, дали им се допаѓа или не и сл. |

| **Тема 3. ЗАБАВНА МУЗИКА** |
| --- |
| ***Знаења/вештини:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Ги почитува и разбира музичките жанрови на забавната музика;<br>- Знае да именува видови музички жанрови на забавната музика;<br>- Може да дебатира за музичките жанрови, јасно му е на кој музички жанр припаѓа музиката што ја слуша во секојдневниот живот;<br>- Ги разликува музичките жанрови на забавната музика: блуз, џез, рокенрол, рок, хеви метал, реге, поп, рап, електронска музика, по слух.<br>- Ја негува љубовта кон музиката што ја носи во себе во текот на животот;<br>- Знае да наброи вокални солисти и бендови од сите музички жанрови на забавната музика;<br>- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;<br>- Развива вештини за критичко размислување за музиката. |
| ***Ставови/вредности:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Создава сопствени ставови за музиката, почитува мислења и ставови од другите околу него;<br>- Знае дека тимската работа и соработката со другите се битни за сопствениот развој како дел од целината;<br>- Подготвен/а е свесно да учествува во активности кои се важни за остварување на сопствените цели и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;<br>- Свесен е дека секој треба да се залага за почитување, зачувување и презентирање на сопствениот културен идентитет;<br>- Ги почитува разликите меѓу културите на сите етнички заедници, со што придонесува во остварувањето на соживот, разбирање и напредување;<br>- Знае дека секој од нас треба да се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства. |

| **Содржини,**<br>**Поими,**<br>**Број на часови** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| **Содржина**: Забавна музика<br>**Поими**: забавна музика<br>**Број на часови**: 2 (21-22) | - Анализа на музичкиот жанр „Забавна музика“. Учениците претходно имаа за задача да истражат дома за музичкиот жанр „забавна музика“, кога настанува, кои се првите претставници (изведувачи) на овој жанр и кои поджанрови спаѓаат во музичкиот жанр „забавна музика“;<br>- Презентација на задачите од истражувањето. Учениците ги презентираат своите задачи и дискутираат за информациите кои што ги открија. Доаѓаат до заклучок за настанувањето на музичкиот жанр, каде настанува, кој го започнува и со која цел;<br>Активност:<br>- Еден ученик прави прстен (круг со палецот и показалецот) и кажува дека од таа страна “може/знае” ...(кажува нешто за што има способност или знаење од уметноста: пеење, танцување, свирење на инструмент, цртање, сликање и сл.) , додека со другата рака прави прстен и кажува дека од таа страна “не може/не знае”. На секој од неговите прстени се надоврзува дете од групата. Децата прават синџир, така што на страната на која првото дете кажало “не можам/не знам” се надоврзува дете кое нештото може и знае да го направи и обратно од другата страна. Учениците заклучуваат дека се разликуваат по знаењето, способноста нешто да направат и креативноста. И дека луѓето треба да се почитуваат без разлика на нивните различни способности и да се надополнуваат во својата креативност, наспроти дискриминацијата заради различните способности, знаења и креативност. Така се создава и музиката од различните жанрови кои ја слушаат, со соработка, взаемна креативност и искористување на способноста на сите членови во музичката група.<br>- Слушање песни од повеќе музички жанрови на забавната музика. Учениците предлагаат песни од различни музички жанрови, наставникот им ги пушта, потоа се коментираат песните, учениците даваат свое мислење за музичкиот жанр и за тоа на кој им се допаѓа или не конкретната песна и зошто;<br>- Дискусија за уметноста како форма на културно изразување, разбирање и менување на светот. Наставникот поттикнува дускусија низ разни соодветни прашања, учениците даваат свои мислења и дебатираат. |
| **Содржина**: Блуз, џез<br>**Поими**: блуз, џез<br>**Број на часови**: 2 (23-24) | Активност:<br>- Сите ученици стојат во круг. Наставникот почнува да произведува еден звук (со плескање со рацете). Потоа ученикот до него прави друг звук, а потоа секој ученик треба |

да направи варијација и  импровизација на претходните. Така учениците разбираат како се прави џез музика, дека импровизацијата е основен елемент на џез песните, а тоа се постигнува со музичка подготвеност и професионалност на музичарите како и меѓусебна соработка и креативност на секој поединец во музичките џез групи.

- Наставникот им пушта на учениците џез песни. Учениците внимателно слушаат и дискутираат за тоа дали ја чувствуваат импровизацијата, слично на претходната активност, се дискутира за инструментите кои ги изведуваат песните, гласовите, мелодија, темпо, ритам. Учениците даваат свои мислења за тоа дали им се допаѓа џез музиката, дали слушаат или би ја слушале џез музиката во секојдневниот живот и зошто да или не;
- Учениците на компјутер или на паметен телефон прават кратко истражување за настанокот на блуз музиката. Учениците меѓусебно разговараат за пронајдените информации, се прави заклучок за музичкиот жанр, кога настанал, зошто настанал, кој се први изведувачи. Слушање блуз песни и разговор за карактерот на блуз музиката и какви чувства им предизвикува на учениците, анализа на текстот на песната, бидејќи текстот во блуз музиката е главен елемент.

Примери на песни за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор):

W.C. Handy - Memphis Blues (1912) - блуз
https://www.youtube.com/watch?v=ZGqBmlZR3dc&ab_channel=LeonardoMinelli
Hart Wand - Dallas Blues (1912) - блуз
https://www.youtube.com/watch?v=WtRGqXsjaYA&ab_channel=ClassicMoodExperience
Mamie Smith - Crazy Blues (1920) - блуз
https://www.youtube.com/watch?v=qaz4Ziw_CfQ&ab_channel=Marcos
Buddy Bolden - Dixieland - џез
https://www.youtube.com/watch?v=WbkkSN_sSfc&ab_channel=DennisTschirner%7CVocalist
Benny Goodman- Let's Dance - џез
https://www.youtube.com/watch?v=M7HYVow1kHQ&ab_channel=Imaffia2
Фолтин - Lo-Lee-Ta-Too – џез
https://www.youtube.com/watch?v=ElwbyRRS5RI&list=RDEM7mYkAY_HF5m3U91S0p6Tqg&index=3&ab_channel=dadahwsb

| | |
|---|---|
| **Содржина**: рокенрол, рок и хеви метал<br>**Поими**: рокенрол, рок и хеви метал<br>**Број на часови**: 2 (25-26) | Проект за музичките жанрови: рокенрол, рок и хеви метал.<br>- Учениците се делат во три групи. Секоја група има за задача да истражи за еден од музичките жанрови: рокенрол, рок и хеви метал. Истражувањето треба да вклучи четири елементи: потекло, изведувачи, музички групи, имиџ. Информациите ги внесуваат во power point презентација или на листови (по желба на учениците). Истражувањето трае еден наставен час;<br>- Презентација на проектите. Групите ги презентираат своите проекти, додека една група презентира, другите групи внимателно слушаат и поставуваат прашања на групата која презентира. Секоја група предлага песни за слушање од музичкиот жанр кој го истражуваа. На крајот се прави дискусија за трите музички жанрови, дали им се допаѓа музиката од овие музички жанрови, дали им се допаѓа имиџот на обожавателите на музичките групи или изведувачи од соодветниот музички жанр, дали слушаат или би слушале некој од овие музички жанрови;<br>- Наставникот им пушта видео спотови од две песни на кои што учениците треба да обрнат внимание на начинот на однесување на членовите на групата и нивниот имиџ. Учениците разговараат меѓусебно за впечатоците од музиката и видео материјалот, за однесувањето на членовите на групата и нивниот излгед и даваат свои мислења дали тоа им се допаѓа или не;<br>- Дискусија за препознавање присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и спротивставување на дискриминацијата. Наставникот се надоврзува на претходната дискусија и ги поттикнува учениците на размислување низ прашања (дали би се дружеле со некој кој има пирсови на целото лице, или носи црна и искината облека, има тетоважи по целото тело и сл., зошто да или не), учениците даваат свои мислења, ставови, искуства од секојдневниот живот за стереотипи и предрасуди. |
| **Содржина**: реге, поп<br>**Поими**: реге, поп<br>**Број на часови**: 2 (27-28) | Презентација за музичките жанрови реге и поп (историја, потекло, изведувачи, бендови).<br>- Наставникот им презентира на учениците за музичките жанрови реге и поп. Им пушта песни од двата музички жанра. Учениците дискутираат за музичките жанрови и предлагаат песни што ги знаат од овие музички жанрови. Наставникот им ги пушта предложените песни и ги прашува учениците зошто ви се допаѓаат овие песни, каде сте ги слушнале, кој ви ги кажал и сл.<br>- Учениците се делат во гурпи и секоја група прави албум на изведувачи и песни кои им се омилени. Потоа прават презентација на албумите и споредуваат колку заеднички песни и изведувачи имаат во групите и дискутираат за тоа зошто им се допаѓа тој изведувач/песна или бенд. |

| | |
|---|---|
| | Примери на песни за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор):<br><br>Bob Marley & The Wailers - Could You Be Loved - реге<br>https://www.youtube.com/watch?v=1ti2YCFgCoI&ab_channel=BobMarleyVEVO<br>Bob Marley - Don't worry be Happy - реге<br>https://www.youtube.com/watch?v=L3HQMbQAWRc&ab_channel=sk8r123sk8r<br>Michael Jackson - Billie Jean - поп<br>https://www.youtube.com/watch?v=Zi_XLOBDo_Y&ab_channel=michaeljacksonVEVO<br>Los Del Rio – Macarena - поп<br>https://www.youtube.com/watch?v=zWaymcVmJ-A&ab_channel=LosDelRioVEVO<br>Billie Eilish - What Was I Made For? - поп<br>https://www.youtube.com/watch?v=cW8VLC9nnTo&ab_channel=BillieEilishVEVO<br>Adele - Rolling in the Deep - поп<br>https://www.youtube.com/watch?v=rYEDA3JcQqw&ab_channel=AdeleVEVO<br>- Дискусија и анализа за влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и правилно избирање на веродостојни извори на информации врз кои учениците ќе ги базираат сопствените ставови. Наставникот отвара дискусија со учениците за тоа да размислат дали пишаните, електронските и социјалните медиуми влијаат врз нивното размислување, врз нивното избирање на песни кои им се допаѓаат, врз нивното градење ставови за некоја тема или случување, дали препознаваат што е добра, а што лоша (или лажна) информација. Учениците дискутираат и дебатираат меѓусебно за своите размислувања. |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: рап и електронска музика<br>**Поими**: рап и електронска музика<br>**Број на часови**: 2 (29-30) | - Наставникот им пушта на учениците две рап песни, учениците ги идентификуваат и ги објаснуваат елементите што ги слушаат (ритам, текст, спесифична мелодија наречена рапување);<br>- Учениците имаат за задача да направат кратка песна од една, две строфи и да пробаат истата да ја израпуваат. Разговараат дали им беше тешко да напишат текст и да го рапуваат;<br>- Наставникот им пушта примери на песни од електронска музика. Учениците внимателно ги слушаат песните и прават анализа за тоа какви звуци се употребени во песната, дали има мелодија, зошто потребата да се појави електронската музика, наставникот ги поттикнува на разговор низ прашања; |

| | |
|---|---|
| | - Преку презентација и слушање на музички примери на песни од различни музички жанрови, учениците го идентификуваат музичкиот жанр на песната, разликуваат и споредуваат различни музички жанрови и наведуваат по две песни од секој музички жанр;<br><br>Примери на песни за слушање (примерите се дадени ориентационо, секој наставник може да даде примери по свој избор):<br><br>Afrika Bambaataa & Soulsonic Force - Planet Rock - рап<br>https://www.youtube.com/watch?v=_rlUQsC8ECk&ab_channel=TommyBoy<br>Cypress Hill – Lowrider - рап<br>https://www.youtube.com/watch?v=mMWBh0B9F0M&ab_channel=CypressHillVEVO<br>Eminem - Without Me - рап<br>https://www.youtube.com/watch?v=YVkUvmDQ3HY&ab_channel=EminemVEVO<br>50 Cent - In Da Club - рап<br>https://www.youtube.com/watch?v=5qm8PH4xAss&list=RDEMrHRJ9PmBmTZM5Uxj6OFzMg&start_radio=1&rv=YVkUvmDQ3HY&ab_channel=50CentVEVO<br>САФ – Раце горе - рап<br>https://www.youtube.com/watch?v=xhPwN6t07lo&ab_channel=BootlegsBasementLab<br>The Prodigy – Firestarter – електронска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=wmin5WkOuPw&ab_channel=TheProdigy<br>David Guetta - Lovers On The Sun – електронска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=BPiW0tkWfeg&ab_channel=DavidGuetta<br>Carl Cox - Sunset Over Scotland – електронска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=HBUfqPBD7Uo&ab_channel=Mixmag<br>Кирил Џајковски - Jungle Shadow – електронска музика<br>https://www.youtube.com/watch?v=ref-DARzbfI&ab_channel=BlazheG. |
| **Содржина**: Слушање музика од сите музички жанрови<br>**Поими**: називи на различни жанрови и имиња на бендови, солисти и композитори<br>**Број на часови**: 2 (31-32) | Активност:<br>- Се формира полукруг од празни столчиња. Еден ученик седнува на средното столче во полукругот и вели: „Од лево сакам да седат оние на кои што им се допаѓа (ќе наведи музички жанр на забавната музика)“. Сите ученици кои го сакаат истиот музички жанр седнуваат на столчето од левата страна на ученикот. Веднаш потоа продолжува: Од десно сакам да седат оние на кои што не им се допаѓа (го наведува музичкиот жанр). Откако ќе се поделат учениците се отвара дебата: дали сме различни бидејќи ни се |

| | |
|---|---|
| | допаѓа или не ни се допаѓа различен музички жанр? Дали треба да се почитуваме без разлика на нашиот индивидуален вкус за музика?<br>Изработка на музички весник на омилени песни, групи или композиции од сите жанрови:<br>- Учениците се делат во три групи. Секоја група на компјутер изработува музички весник во кој што ќе пишуваат статии за омилени песни, композиции, групи, изведувачи, интересни факти, слики, кариера и сл.<br>- Презентација на музичките весници. Секоја група го презентра својот музички весник. Додека една група презентира, учениците од другите групи коментираат дали им се допаѓа весникот, дали податоците им се интересни  и сл.;<br>- Слушање музика по избор на учениците. Учениците предлагаат композиции или песни од сите изучени музички жанрови, наставникот им ги пушта предложените песни, разговараат за музичкиот жанр на секоја песна. |
| **Содржина**: Слушање музика од сите музички жанрови<br>**Поими**: називи на различни жанрови и имиња на бендови, солисти и композитори<br>**Број на часови**: 2 (33-34) | Активност:<br>- Активноста се одвива во празна просторија. Наставникот дава инструкции дека учениците си замислуваат дека се парче мебел, не можат да зборуваат и можат да комуницираат невербално меѓу себе. Секој ученик си одбира кој дел од домашен мебел би сакал да биде. Секој ученик движејќи се низ просторијата ги бара децата со помош на мимики и гримаси и движење со раце и тело кои го одбрале истото парче мебел. Истите парчиња мебел се групираат и заземаат место во просторијата (каде обично стои дома мебелот). На крај кога сите групи се позиционирани вербално разговараат и објаснуваат зошто го направиле изборот и го презентираат пред другите групи. Заклучуваат дека помеѓу луѓето постојат сличности и разлики во поглед на тоа што им се допаѓа или не им се допаѓа.<br>Чек листа:<br>- Наставникот им дели на учениците чек листи. На чек листата има прашања на кои учениците треба да одговорат откако наставникот ќе им пушти некоја песна или композиција. Какви емоции ви предизвикува песната/композицијата (симболи за тажно, весело или индиферентно)? На кој жанр припаѓа песната/композицијата што ја слушате (класична, забавна, народна)? На кој жанр на забавната музика припаѓа песната што ја слушаш (наведени сите жанрови)? Оваа песна припаѓа на жанрот забавна музика – поп. (точно, неточно). На кој жанр припаѓа народната песна? (народна или авторска народна песна). Оваа народна песна според содржина е љубовна. (точно, неточно) и сл. |



| | |
|---|---|
| **Содржина**: Слушање музика од сите музички жанрови<br>**Поими**: називи на различни жанрови и имиња на бендови, солисти и композитори<br>**Број на часови**: 2 (35-36) | Активност:<br>- Секој ученик добива лист со 5 кругови во кои треба да нацрта лице кое покажува како се чувствува кога слуша одреден музички жанр (жанрот е напишан под кругот) Учениците, поделени во групи, ги споредуваат нацртаните лица и заеднички идентификуваат кои чувства би требало да ги одразуваат нацртаните лица (пример: лутина, разочараност, тага, задоволство, среќа, разиграност). Секоја група ги презентира идентификуваните чувства и опишува како изгледаат лицата на тие што ги доживуваат наведените чувства. Потоа секоја група добива најмалку една од ситуациите за да ги претстави, освен со лицето и со целото тело, поставувајќи ги рацете, рамениците и нозете во соодветна положба или движејќи ги со соодветна гестикулација. На крајот, преку отворена дискусија, се согледува дека луѓето се изразуваат и невербално – преку лицето и телото (без зборови). Заклучуваат дека можеме да препознаеме како се чувствува некој кога слуша одредена музика и преку невербалните знаци кои ги испраќа со ликот и телото. Според изразот на лицето (уста, веѓи, очи), според положбата на телото (исправено, свиткано) и според интонацијата (зборува тивко, гласно). Кај некои луѓе чувствата полесно се препознаваат, кај некои потешко.<br>Слушање музика по избор на учениците:<br>- Учениците предлагаат песни од сите музички жанрови, наставникот им ги пушта. Учениците меѓусебно разговараат за своите музички вкусови, зошто им се допаѓа одредениот музички жанр, дали се насочени кон еден или два или им се допаѓаат повеќе музички жанрови. |

